**20162024521**

## НАРОДНА БАНКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 25 и 47 став 1 точка 20 од Законот за Народната банка на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 158/10, 123/12, 43/14, 153/15 и 6/16), Советот на Народната банка на Република Македонија донесе

## ОДЛУКА ЗА ПУШТАЊЕ ВО ОПТЕК НА КНИЖНИ ПАРИ ВО АПОЕН ОД 1000 ДЕНАРИ

1. Со оваа одлука се пуштаат во оптек книжни пари во апоен од 1000 денари со ознака на печатење „ДЕКЕМВРИ 2016“ и со белези утврдени во Одлуката за издавање, апоенска структура и основни белези на книжни пари („Службен весник на Република Македонија“ бр. 45/96) и Одлуката за издавање и печатење на банкноти во апоени од 500 и 1000 денари со изменети белези („Службен весник на Република Македонија“ бр. 46/03), почнувајќи од 15 јануари 2017 година.

2. Со пуштањето во оптек на книжните пари од точка 1 на оваа одлука во готовинскиот платен промет на Република Македонија во важност ќе бидат, паралелно и книжните пари во апоен од 1000 денари издадени според Одлуката за издавање, апоенска структура и основни белези на книжни пари („Службен весник на Република Македонија“ бр. 45/96) и Одлуката за издавање и печатење на банкноти во апоени од 500 и 1000 денари со изменети белези („Службен весник на Република Македонија“ бр. 46/03).

3. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

О бр.02-15/XII-2/2016
3 ноември 2016 година
Скопје

Гувернер и претседавач
на Советот на Народната банка
на Република Македонија,
**Димитар Богов**, с.р.